Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
Примено: / E pranuar: 25-10-2024
Орг.Един. / Njësia Org. | Број: / Numër: 40-9500/2 | Прилог: / Shtojcë: | Вредност: / Vlerë:

Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

Архивски број: 08-8598/2
Датум: ____.____.2024 година
22-10-2024

ДО: Влада на Република Северна Македонија

Предмет: Мислење
Врска: Допис на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, бр.40-9500/1 од 01.10.2024 година

Почитувани,

Во врска со вашиот допис доставен под горенаведениот број и датум со кој се доставува Предлог – Иницијативата на Македонскиот центар за меѓународна соработка – Скопје, а во врска со Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година, Министерството за финансии го дава следното мислење:

Доставената предлог – иницијатива се однесува на иницијативата за реформа на државното финансирање за граѓанските организации и зголемување на државното финансирање. Во оваа насока се предлага зголемување на државното финансирање за граѓанските организации, односно во 2025 година финансирањето на граѓанските организации од страна на државата да достигне најмалку 30% од вкупните приходи на граѓанските организации, односно обезбедување на 4 милијарди денари за 2025 година, а до 2027 година да се дојде до 6 милијарди денари издвојување за граѓанските организации од Буџетот на Република Северна Македонија.

Министерството за финансии континуирано настојува да ги зголеми средствата наменати за финансирање на граѓанските организации, согласно расположливите можности на Буџетот. Во оваа насока укажуваме дека не го поддржуваме овој начин на утврдување на средствата за финансирање на здруженија на граѓани и фондации, преку процентуално издвојување, поради што предлагаме потребните средства за финансирање на здруженија на граѓани и фондации да се утврдуваат за тековната фискална година согласно буџетските можности.

Истовремено се предлага формирање на Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество, во чија насока укажуваме дека е недоволно прецизирано каде и како би се формирал фондот, односно дали истиот би бил како тело во рамките на Владата на Република Северна Македонија или како посебно надворешно тело/раздел и слично. Ова особено ако се има предвид фактот дека формирањето на фонд ќе го наруши досегашниот начин на финансирање на граѓанските организации, преку обезбедени средства во Буџетот на Република Северна Македонија. Секое формирање на фондови ќе значи излегување од буџетското финансирање, што ќе го оневозможи и следењето на реализацијата на веќе обезбедените средства.


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 300
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13760/0

Имајќи предвид дека формирањето на нови институции/фондови повлекува фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија, поврзани со функционирањето на истите, укажуваме дека не може да поддржи предлог со кој би се формирало ново тело и притоа предлага активностите да се вршат во рамките на постоечките ресурси на надлежните институции. Во оваа насока укажуваме да се има предвид мислењето на Министерството за јавна администрација, како надлежно за реорганизација на органите на државната управа.

Во однос на иницијативата граѓанските здруженија и фондации да се финансираат само од расходното конто 463, Министерството за финансии известува дека при изготвувањето на Буџетот на Република Северна Македонија за секоја фискална година, упатува на потребата планирањето на средствата кои се доделуваат за финансирање на граѓанските организации да биде на расходната ставка 463 - Трансфери до невладини организации.

Следствено на наведеното, Министерството за финансии не може позитивно да се произнесе по однос на доставената иницијатива на Македонскиот центар за меѓународна соработка – Скопје.

Со почит,

Министер за финансии
м-р Гордана Димитриеска - Кочоска

Република Северна Македонија Министерство за финансии - Скопје / Republika e Maqedonisë së Veriut Ministria e financave - Shkup

Изработил: Оливера Маркоска Ивановски
Тоше Пановски
Одобрил: Floreta Hasani
Аница Иваноска - Стрезовски/Тања Трипунова
Проверил: Јасмина Вукиќевиќ
Согласен: Андриана Матлиоска